# Одговор на Владата на Република Северна Македонија по Извештајот на Комитетот за борба против тортура,нехуман или деградирачки третман или казнување (КПТ) од 7 до 10 декември 2020 г

## Затворски установи

**Затвор Идризово**
**Член 5**

Во однос на подобрување на условите во КПД Идризово и другите КПУ , Владата на РСМ во јануари 2021 година донесе Програма за финасирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на КПУ и ВПУ за 2021 година. Во текот на 2021 година планирано е да се реализираат инвестициски активности во вкупен износ од 199.500.000,00 денари кои се обезбедени од Буџет на РСМ од кои средства од основен буџет во износ од 49.500.000.00 денари,од самофинасирачки активности 1.200.000.00 денари и средства од Заем од Банката за развој на Совет на Европа во износ од 148.800.000.00 денари.

I

Во однос на ова УИС при редовен надзор укажа дека потребно е поголема будност на раководниот кадар во однос на оваа појава во установата, односно вршење на поголеми контроли при влез и излез на сите вработени лица и посетители. Меѓудругото од страна на директорот на УИС, дадена е писмена наредба до директорот на КПД Идризово да превземе мерки и активности за зголемување на видео надзорот во установата како и набавка на нови камери.

Во таа насока КПД Идризово постави дополнителни безбедносни камери кои покриваат поголем периметар на установата направен е посебен паркинг простор за возилата на вработените лица во установата кој ќе биде ограден и под видео надзор со цел да се намали можноста службеното лице додека е на работа да излегува и да влегува во установата и да внесува недозволени средства во установата.

Меѓудругото, во рамките на Националната стратегија 2021-2025 година предвидени се активности за спречување на корупција во КПУ И ВПУ преку ревидирање на Акцискиот План за борба против корупција како и обуки на затворски персоналот во делот на Кодексот за однесување. Исто така, предвидена е активност во новата Национална стратегија во насока на воведување на системска унифицирана проверка при влез и излез во сите установи за целиот затворски персонал и евиденција за истото. Дополнително во текот на редовниот надзор кој беше спроведен од страна на УИС во КПД Идризово од страна на службените лица од Управата беше укажано дека е потребна системска проверка на сите вработени лица како и на сите посетители во установите.

II

Согласно податоците со кои располага УИС во текот на 2019 година, во работа на ова Одделение биле поведени 10 предмети против припадници на затворска полиција (2 предмети се отстапени на друго надлежно ЈО, 2 предмети донесени се Резолуции и 6 предмети се во тек, односно се преземаат истражни дејствија). Во текот на 2020 година биле поведени 2 предмети против 5 лица –припадници на затворска полиција, кои се во фаза на истражни дејства.

III

Во текот на мај 2021 година изготвен е Годишен план за вработување на затворски персонал кој од страна на Министерство за финасии е одобрен и во него се предвидени вкупно 23 нови вработувања во Управата за извршување на санкциите и вкупно 68 лица во казнено-поправните установи. Исто така, од страна на Министерство за одбрана преземени се вкупно 19 лица кои ќе работат како припадници на затворска полиција. Истите се распоредени во КПД Идризово - 13 лица, КПД Штип - 4 лица и Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка - 2 лица . Во насока на воспоставување на функционален систем на управување со затворите како и подобрување на надзорната функција на Управата за извршување на санкциите после седум години врз основа на Годишниот план за редовни надзори директорот на УИС донесе писмена наредба за спроведување на редовни надзори во сите КПУ и ВПУ. Надзорите започнаа од февруари 2021 година и заклучно до 01.06.2021 година извршени се редовни надзори во КПД Идризово, Затвор Скопје, Затвор Куманово заедно со отвореното одделение во Крива Паланка и КПД Штип, а до крајот на годината се планирани редовни надзори и во останатите установи. Во делот на обуката УИС работи на до екипирање на одделението за обука на кадри вработени во КПУи ВПУ. Добиена е согласност за вработување на едно лице за обука и распределено е едно лице од постоечките вработени лица во УИС во одделението за обука. Од средината на мај 2021 година од страна на УИС ангажирани се двајца припадници на затворска полиција од Затвор Скопје, Затвор Куманово за започнување на почетна обука на нови припадници на затворска полиција од Затвор Скопје кои заедно со службено лице од одделение за обука спроведоа обука на тема:

- запознавање на новите вработени од затворската полиција со законските и подзаконските акти,
- Организација, начин на работа и надлежност на затворската полиција во КПУ и ВПУ ;
- Огнено оружје – запознавање, основи за употреба и вештини за ракување;
  - Учество на Затворската полиција во процесот на ресоцијализација;
- Обуката ја поминаа вкупно 36 ново вработени припадници на затворска полиција од Затвор Скопје.

**Член 8**

Во однос на членот 8 став 2 од Извештајот информираме дека УИС во јануари 2019 година со поддршка на Совет на Европа спроведе дводневна работилница за мониторинг и евалуација на Националната стратегија за пенитерцијарниот систем (2015-2019) на која од страна на двајца домашни експерти и работна група формирана од претставници на

УИС, МП, МТСП, МЗ, КПУ и ВПУ се вршеше проценка на степенот на имплементација на активностите и целите од Националната стратегија 2015-2019.

Работната група и консултантите се сложија дека дел од активностите не се имплементирани и дел од целите не се постигнати. Врз основа на тоа се изготви Извештај во кој е нотирано кои стратешки цели се реализирани и активности, а кои стратешки цели не беа реализирани во претходната стратегијата.

Извештај беше основа за изготвување на нова Национална стратегија за пенитерцијарниот систем (2021 -2025) кој исто така беше поддржана од канцеларијата на Совет на Европа во Скопје. Дополнително за секоја стратешка цел беа ангажирани меѓународни и домашни експерти од соодветна област и заедно со работната група формирана од преставници на УИС ,КПУ и ВПУ учествуваа во изготвувањето на стратегијата и во истата работната група секогаш се водеше од Извештајот од спроведената еваулација за претходната стратегија.

Дополнително како во старата стратегија така и во новата Национална стратегија (2021-2025) е предвидена обврска за мониторинг и евалуација од страна на сите органи кои се надлежни за спроведување на Стратегијата.

**Член 11**

Во изминатиот период како што претходно информиравме Уис, КПУ и ВПУ од започнување на пандемијата со Covid 19 во континуитет во насока на превенција од ширење на вирусот Covid 19 постојано обезбедуваат средства за средства за дезинфекција,маски и други потребни средства за за осудените и притворените лица, за вработените лица во установите , а се со цел спречување на ширење на вирусот ковид 19 во установите . Дополнително дел од установите имат спроведно постапка за јавна набавка на горенаведените средства.

Во прилог е табелата по казнено – поправни установи кои во текот на 2020/2021 имаат обезбедено средства за дезинфекција како и податоци од обезбедени средства од УИС.

| ДОНАЦИИ ОД: | ДО: | Дезинтал | Гел | Екосал | Маски | Пумпи | Визири | Ракавици | Раствор | Скафандери |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **УИС** | **Затвор Гевгелија** | x160 пар. | x60 пар. | x32 пар. | x300пар. | x1пар. | / | Ракавици x200 пар. | x10л. | / |
| **УИС** | **Затвор Куманово** | x30пар. | x30пар. | / | x700пар. | / | / | x400пар. | / | / |
| **УИС** | **Затвор Тетово** | x36 л. | / | / | x100пар. | / | X40пар. | x55 пар. | / | / |
| **ДОО Комфи Ангел Прилеп** | **Затвор Прилеп** | | | | x2500пар. | | | | | / |
| | **Затвор Струга** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **УИС** | **КПУ Идризово** | x2232 пар. | x1565 пар. | x32пар. | x8585пар. | x4пар. | x285ком. | x2600пар. | / | / |
| **Меѓународен црвен крст** | **КПУ Идризово** | x12.350л. | | | x8000пар. | | | | | / |
| **УИС** | **Затвор Скопје** | x112л. | x94пар. | | x2300пар. | | x166пар. | x1300пар. | | x15пар. |
| **УИС** | **Затвор Тетово** | x36л. | | | x100пар. | | x40пар. | x55пар. | | |
| **УИС** | **ВПД Тетово** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Конфекција Еурека** | **Затвор Штип** | / | / | / | x2000пар. | / | / | / | / | / |
| **Конфекција Такос** | **Затвор Штип** | / | / | / | x500пар. | / | / | / | / | / |
| **Општина Штип** | **Затвор Штип** | / | / | / | x600пар. | / | / | / | / | / |
| **Колор Комерц** | **Затвор Штип** | / | / | / | / | / | / | / | x20л. | / |
| | **Затвор Струмица** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **УИС** | **Затвор Битола** | x20л. | x27пар. | / | / | / | / | / | / | / |

## Точка 13 Табела е од ревидирана бројна состојба во КПУ и ВПУ

| Вид на установа | Капацитет на установа со осудени лица | Моментална бројна состојба на осудени лица во установата | Капацитет на установа на притворени лица | Моментална бројна состојаба на притворени лица во установата |
|---|---|---|---|---|
| КПУ Затвор Скопје | 128 | 138 | 243 | 216 |
| КПУ Затвор Тетово | 48 | 87 | 8 | / |
| КПУ Затвор Гевгелија | 54 | 43 | 12 | 10 |
| КПУ Затвор Куманово | 160 | 122 | 50 | 38 |
| КПУ Затвор Охрид | 27 | 4 | 12 | 11 |
| КПУ Затвор Битола | 77 | 79 | 33 | 23 |
| КПУ Затвор Струмица | 95 | 108 | / | / |
| КПД Прилеп | 108 | 112 | / | / |
| КПД Идризово | 1187 | 1178 | / | / |
| КПД Штип | 139 | 231 | / | / |
| КПД Струга | 60 | 47 | / | / |
| Отворено одделение Крива Паланка | 23 | 17 | / | / |
| Вкупно | 2106 | 2166 | 358 | 298 |
| **Датум: 31.03.2021 година** | | | | |
| **Вид на установа** | **Капацитет на установа** | | **Моментална бројна состојба** | |
| **ВПД Тетово** | 59 | | 18 | |

**Лошо постапување**
**Член 14-15**

Во таа насока согласно препораката на комитетот од Извештајот од 2019 година вметната е активност во стратешка цел - Професионализација во делот на примена на сила во Националната стратегија за затворски систем ( 2021-2025)

Обука на раководен кадар за откривање на случаи на употреба на прекумерна сила од страна на припадниците на затворска полиција е предвидена во III и IV квартал 2021.

Во однос на оваа препорака информираме дека во драфт верзијата на Националната стратегија кој е доставен до Влада на РСМ предвидена е стратешка цел - Стандардаризирано водење на евиденција за случаи на насилство и за безбедност во установата и во рамките на истата е предвидена активност :

- Воведување на стандардизиран образец и регистар за инциденти на насилство во сите КПУ и ВПУ времески рок е III и IV квартал од 2021 година. Исто така, во согласност Закон за извршување на санкциите е предвидено во случај на пречекорување на овластувања на припадници на затворска

полиција за истото да се известува ЈО при организиран криминал- кое е надлежно за надворешна контрола на полиција и затворска полиција.

Во таа насока со поддршка на Совет на Европа во рамките на проектот на Совет на Европа предвидени се 4 циклуси на обука на директорите на КПУ, раководните структури (припадниците на затворска полиција и од службени лица од сектор за третман) заедно со обвинителите кои работат во горенаведеното обвинителство, претставници од кај Народнниот правобранител и други лица.

Во текот на април 2021 година одржана е тркалезна маса на која земаа учество обвинители од ОЈО ГОКК и од апелациското подрачје Битола, Внатрешната контрола на МВР, претставници од Народниот правобранител, невладините организации, судии, како и Управата за извршување на санкции и директори на КПД Прилеп и Затвор Битола заедно со раководниот кадар.

Во однос пак на забелешката која се однесува на Националната стратегија (2021-2025) , односно дека не се предвидени посебни активности за распределба на осудените лица во различни одделенија појаснуваме дека:

- Согласно законските и подзаконските акти предвидено е во член 151 од ЗИС на осудените лица во текот на приемниот период која трае до 30 дена во зависност од установата им се врши проценка на ризик на личноста, при што се утврдува третманот на осуденото лице, а потоа осудените лица се класифицираат во затворено, полуотворено и отворено одделение во установата. Начинот на распоредување, класфикација и разместување на осудени лица се уредува со подзаконски акт што го донесува Министерот за правда. Во однос на распоредувањето на осудени лица истите на се распоредени по сторено кривично дело или пак висина на казна затвор . На пример, сексуални престапници во Идризово се сместени само во 7 крило по претходна препорака на комитетот, осудените лица осудени на доживотна казна затвор се распоредени само во едно одделение. Понатаму осудени лица осудени за кривично дело тероризам или терористичка организација распоредени се во едно одделение на установата, странците казната затвор ја издржуваат одвоено од другите осудени лица, додека за осудени лица од многу висок и висок ризик согласно законските одредби се формирани посебни одделенија, за престој на истите итн.

**<u>Персонал</u>**
**<u>Член 16- 18</u>**

Директорот на КПД Идризово е избран на транспарентен начин согласно утврдените критерииуми предвидени во новиот ЗИС на јавен оглас. Исто така, на местото на директор на КПД Идризово доаѓа од редот на професионалци која зад себе има 33 годишно работно искуство, од позиција припадник на затворската полиција, службено лице задолжено за третман на малолетници, директор на КПД Идризово потоа и како директор на УИС.

Додека директор на Затвор Скопје доаѓа од надвор без работно искуство во делот на затворскиот ситем и истиот од страна на Влада на РСМ е избран на јавен оглас врз основа на критериумите на стариот Закон за извршување на санкциите каде е предвидено работно искуство од 5 години во областа на санкциите или сродни работи.

Во однос на ова КПД Идризово спроведе функционална анализа кон крајот на 2019 година која има за цел да ги идентификува главните карактеристики на постојната организациона структура и функционирање на институција во целина, со цел да предложи конкретни мерки за подобрување на ефикасноста и ефективноста во институцијата.

Оваа анализа се изготви согласно новиот Закон за извршување на санкциите и потребата од отварање на нови работни места во посебни одделенија за осудени лица

и просторното проширување на установата,особено изградба и пуштање во употреба на новите објекти ( полуотворено и отворено одделение) како и изградба  на затворено одделение.

Врз основа на оваа анализа и стандардите на Совет на Европа кои КПД Идризово ги зема во предвид во новите одделенија кои се во употреба за физичко и материјално обезбедување на осудените лица потребни се за дневна смена 15 припадници на затворска полиција , а за ноќна смена најмалку 8 припадници на затворска полиција. Од причина што сегашната состојба е поинаква, односно се случува обезбедувањето на еден кат да го врши по еден припадник на затворска полиција донесен е нов Правилник за систематизација на работни места со кој се предвидува зголемување на работни места на припадници на затворска полиција.

Исто така, и другите казнено-поправни установи имаат изготвени функционални анализи со цел утврдување на потребата од нови вработувања и постојната организациона структура и функционирање на институција во целина.

Во текот на 2021 година предвидени се вработување на вкупно 46 припадници на затворска полиција во КПУ.

Меѓудругото во Националната стратегија( 2021-2025) предвидена е посебна стратешка цел обезбедување на потребни човечки ресурси и во рамки на истата предвидена е активност ревизија и измена на постоечките систематизации на поединечни установи според посебни задачи што ги имаат вработените , со персонал/осудени лица. Оваа активност е планирана во трет квартал на 2021 година.

Исто така, за првпат предвидено е изработка на План за кариера на затворски персонал кој ќе овозможи затворскиот персонал да се унапредува согласно планот за кариера.

**Член 19-21**

Во рамките на Национална стратегија ( 2021-2025) предвидена е стратешка цел Зајакнување на професионалноста на затворската управа преку структурирана и напредна обука во чии рамки се предвидени активности кои се однесуваат на доекипприање на одделението за обука во УИС , ревидирање на стратегијата за обука како и донесување на програма за обука на затворски персонал.

Меѓудругото , во текот на мај 2021 година од страна на одделението за обука во УИС изготвена е програма за обука на припадниците на затворска полиција во чија изработка покрај вработените од одделението учествуваа и двајца припадници на затворска полиција од редот на раководени кадрии од Затвор Скопје и Затвор Куманово. Од крајот на мај 2021 започната е обука на дел од ново вработени припадници на затворска полиција од Затвор Скопје во Тренинг центар во КПД Идризово. Обуката ја поминале вкупно 35 лица и преку истата припадниците на затворска полиција беа запознаени со природата на работата во установите, со Кодексот на однесување на затворски персонал во КПУ и ВПУ ,Упатство за употреба на средства за присибла и Правилникот за вооружување на затворската полиција.

Во однос на забелешките кои се однесуваат на коруптивните појави во установите информираме дека УИС започна со редовни надзори во установите, а дополнително ги засили и вонредните надзори во КПУ. Дополнително, по долги години со асистенција на МВР и припадници на затворска полиција од друга КПУ извршен е претрес во КПД Идризово во затвореното одделение на установата.

Меѓудругото, во Националната стратегија (2021-2025) предвидена е Стратешка цел - Нулта толеранција за корупцијата во чии рамки се предвидени неколку активност и тоа :

- Безбедносна проверка на кандидатите за затворската полиција;
- Анализа за ризици од корупција и воспоставување на механизам за управување со такви ризици;
- Ревидирање на План за спречување корупција во националниот затворски систем со Акцискиот план;
- Обука за принципите во Кодексот на однесување на затворски персонал во КПУ и ВПУ (основна обука за нововработените и континуирана обука на постојниот персонал)

Дополнително со цел намалување на коруптивни дејатва во Затвор Скопје засилени се контроли на влез-излез во установата а во скоро време се работи на поставување на единствена точка преку која ќе се врши и следи видео надзорот во установата , контрола на пратки и посетители од страна на посебно обучени припадници на затворска полиција.

**Услови**
**Член 21 – 23 КПД Идризово**
Во насока на оваа препорака Управата за извшување на санкциите со внимание ја разгледа истата од Извештајот од 2019 година и во таа насока беа преместени 2 ,5 и 8 крило од затворениот дел на установата. Дополнително Уис за време на редовниот надзор во февруари укажа на раководството на КПД Идризво дека потребно е да се преземат мерки за преместување на старото полуотворено одделение за што беше издадена и писмена наредба од директорот на УИС. Во моментот се преземаат активности за надминување на проблемот и затварање на старото полуотворено одделение до крај на јуни 2020година истото ќе биде затворено. Неговото затварање беше одложено од причина што поради состојбата со COVID 19 дел од активностите беа одложени се до 01.06.2021 година кога Влада на Република Северна Македонија донесе одлука за олабавување на мерките во државата поради подобрена епидемолошка состојба. Исто така во тек се подготовките за преместувањто на група околку 50 осудени лица од КПД Идризово во други установи со цел обезбедување на пристојни услови за издржување на казна затвор.

**Затвор Скопје**
**Член 24**
Во однос на оваа информираме дека Затвор Скопје продолжи со реконструкција на крилото В каде во моментот се реконструирани 2/3 од собите и се работи на реконструкција со променлива динамика од причина што изведување на работите се одвиваат отежнато поради актуелната состојба со COVID 19 .

Во текот на декември 2020година во полуотвоено одделение комплетно е заменета електрична инсталација , а во секоја соба каде престојуваат осудените лица поставен е електичен приклучок. Во притворскиот дел сеуште не се заменети електрични приклучоци од причина што во тој дел потребна е комлетна замена на електрична инсталација што претставува посериозен финасиски зафат кој во нареден период ќе биде внимателно анализиран.

Управата за извршување на санкциите во текот на редовниот надзор на управата на Затвор Скопје им укажа дека потребно е да ја почитуваат постапката за проверка на хигиена во установата и дека потребно е веднаш установата да пристапи кон набавка на електрични прекинувачи со цел осудените лица безбедно да можат да вклучуваат светло во нивите простории за престој. Дополнително директорот на УИС врз основа на

констастираната состојба даде писмена наредба до директорот на Затвор Скопје итно да превземе мерки и активности за подобрување на хигиената во установата, како и да организира систем на внатрешна контрола со што ќе обезбеди континуиран процес на контрола на одржувањето на хигиената.

По однос на правото на прошетка на чист воздух во установата, директорот на УИС даде писмена наредба сите осудени лица да го користат правото на чист воздух во времетраење од 2 часа и истото по ниту еден основ да не се прекршува.

**Храна**
**Член 25**

Во однос на оваа информираме дека УИС во текот на февруари 2021 година спроведе редовен надзор во КПД Идризово, при што на директорот на установата му беше укажано дека е потребно оброците на осудени лица во установата да се даваат согласно Правилникот за нормативите за подготвување на храната на осудените лица во казнено-поправните установи. Во таа насока дадена е и писмена наредба од директорот на УИС со рок за постапување веднаш. Исто така, дадена е писмена наредба итно да се превземат мерки и активности за контрола на хигиената во установата согласно оперативната процедура СОП – контрола на хигиена.

**Активности**
**Член 26-28**

Во однос на оваа препорака информираме дека во Националната стратегија (2021-2025) предвидени се стратешки цели- Подобрување на условите и можностите за работно ангажирање на осудени лица во чии рамки се предвидени повеќе активности и стратешка цел - Подобрување на условите и можностите за ангажирање на осудените лица во значајни и конструктивни слободни активности во чии рамки се предвидени следните активности :

- Проценка на тековната ситуација во КПУ и ВПУ и на новите можности за организирање значајни и конструктивни активности во слободното време на осудените лица;
- Обезбедување неопходна опрема и материјали за спортски, уметнички, креативни активности и активности од областа на културата, како и кадровско екипирање

- Во однос на правото на образование на осудените лица истото во соработка на УИС и МОН започна да се спроведува во женското одделние на КПД Идризово, КПД Штип и ВПД Тетово.

Исто така, во соработка со МОН и УНДП продолжува проектот за стручно оспособување на осудените лица кој поради состојбата со COVID 19 беше ставен одреден период во мирување. Во соработка со МОН, УНДП и УИС спроведена е стручна обука за професија готвач, на 15 осудени лица во КПД Прилеп. Сите учесници успешно ја поминаа обуката од стручните лица, од СОУ "Наум Наумоски Борче" од Крушево и денес им се доделени дипломи со кои во иднина би можеле да се занимаваат со оваа дејност.

Од страна на Институтот за развој на заедницата Тетово за спроведената обука на децата во Воспитно-поправниот дом с.Војковија, Општина Брвеница. Преку оваа обука децата се здобија со знаења и вештини од информатичко-комуникациската технологија, при што им беа доделени и сертификати за поминатата обука.

Во однос на точката 33 во која се однесува на член 173 од ЗИС информираме дека истиот се однесува на Право на образование додека во однос на забелешката која се однесува на здравствените работници дека издаваат т.н потврди за дисциплински

казни појаснуваме дека членот 179 став 4 од ЗИС од стариот закон е избришан и согласно член 236 став 4 од новиот ЗИС од 2019 година е предвидено дека осуденото лице кое се наоѓа на издржување на дисциплинска казна самица секојдневно треба да го посетува лекар, а директор на установата еднаш неделно,Дополнително е предвидемо дека доколку осуденото лице има здравствен проблеми во текот на издржување на казна може да му биде прекината дисциплинската казна самица.

**Член 35**

Имено, во насока на препораката за зголемување на времетраењето на посетите, информираме дека осудените лица покрај правото на посета кое согласно ЗИС и Правилникот за куќен ред на осудени лица им предвидено два пати во месецот во траење од 60 минути, истите имаат можност согласно член 73 од Правилникот за куќен ред на осудени лица да се стекнат со погодност продолжени посети во траење од 90 минути најмногу еднаш на секои два месеци доколку ги исполнуваат условите од Правилникот за Куќен ред на осудените лица.

Дополнително со цел полесно комуницирање на осудени лица обезбедени се и таблети преку кои осудените лица ќе можат да комуницираат со надворешниот свет, поточно со членовите на нивните семејства.

Исто така во насока на надминување на проблемот со телефонските говорници во КПУ во Националната стратегија ( 2021-2025) предвидена е Стратешка цел телекомуникации и контакти со надворешен свет во чии рамки се предвидени повеќе активности меѓу кои воведување на сигурен телекомуникациски систем.

Во однос на препораката која се однесува на забраната на малолетниците да ги посетуваат своите родители кои се на издржување на мерката притвор, УИС писмено се обрати до Затвор Скопје, при што од нивна страна е истакнато дека установата во однос на посетите на притворените лица, поточно за посетите од страна на малолетните лица постапува согласно Правилникот за куќен ред за извршување на мерката притвор во притворските одделенија во затворите. Истите се одвиваа без ограничување во просториte одредени за таа намена. Тие простории се опремени така што се овозможува визуелен и слушен контакт на притвореникот и посетителот, но се спречува непосреден физички контакт. Посетите се одвиваат по одобрение на надлежен суд кој е исто така надлежен и за постапката. Според наведеното, УИС информира дека во моментот нема ограничување на посета од страна на малолетници чии родители се на издржување на мерка притвор.

## Полициски притвор

**Член 39**

Со примената на повеќедимензионален пристап и мерки за соодветно имплементирање, од аспект на обуките, кои воедно засегаат и во други препораки (за современа кривична истрага, испрашувањето на осомничени, техниките за спроведување разговор, спречување, минимизирање насилство при приведување, техники за разговор за криминалистичките инспектори, Кодекс за однесување и сл.) укажуваме на следото:

Во врска со едукативниот курс за обука со акцент на современа кривична истрага, Министерството за внатрешни работи (МВР) во рамки на својот Центар за обука (ЦО), за сите нови како и за постојните полициски службеници, во рамки на

основната обука во Модул 2 - Заштита на животот и имотот, има вклучено задача за учење на тема: криминалистички истраги, но исто така и во рамки на целиот модул се разработува материјата за криминалистички истраги пришто се вклучени повеќе задачи за учење како што се:

- Собирање на информации од граѓани,
- Разговор со жртва, сведок и осомничен,
- Преглед на превозни средства и други.

Во врска со наведениот модул, за постојано вработените, МВР преку својот Центар за обука, организира континуирани обуки. Во врска со Стандардните оперативни процедури (СОП), МВР односно Центарот за обука, континуирано спроведуваат задачи за учење кои произлегуваат од СОП, кои се усогласени со законите, со што се врши имплементирање на задачите согласно СОП.

При испрашувањето на осомничените лица, известуваме дека МВР има изготвено и спроведено континуирана обука, која зависно од потребите на МВР, ќе биде повторно реализирана. Во врска со спроведување на посебна обука, за техники за професионално спроведување на разговор, информираме дека овие техники методолошки се поврзани со гореспоменатата обука и во иднина, согласно потребите на МВР, обуката ќе биде реализирана.

Согласно препораката на Комитетот, која пак се однесува за потребата полициските службеници да бидат обучени за спречување и минимизирање на насилство при приведување, и во случаи во кои употребата на сила сепак е неопходна, истите да применуваат професионални техники, МВР и Центарот за обука на министерството, известуваат дека во состав на основната обука, во делот на одбранбени техники, опфатени се и вклучени се следните техники:

- Совладување на пасивен отпор,
- Употреба на гумена палка,
- Употреба на средства за врзување на лица,
- Самоодбрана-одбрана од невооружен напаѓач,
- Самоодбрана од вооружен напаѓач.

Во врска со препораката која се однесува за стручна обука на криминалистичките инспектори за соодветни техники за разговор и истрага и спречување на несоодветно постапување кое се препорачува да биде дел од редовните модули, информирам дека Центарот за обука при министерството во следните 6 месеци ќе изготви наставна програма за потребите на Бирото за јавна безбедност. Истата ќе биде доставена на разгледување и одобрување односно по нејзиното усвојување и ќе бидат организирани обуки согласно потребите на Бирото.

Во однос на препораката која се однесува за воведување поинаков пристап кон криминалистичката истрага врз основа на правилата за разговори со осомничените во текот на истрагата, информирам дека МВР односно Центарот за обука континуирано ја спроведуваат во основната обука, како и во континуираните обуки.

По препораката во однос на Кодексот за однесување на полициските разговори, известуваме дека по донесувањето на Кодексот, истото ќе биде имплементирано во соодветни обуки. Центарот за обука при МВР согласно својата надлежност, исто така, учествува и во координирање на други видови на обуки кои се реализираат за организациските единици во МВР, согласно нивните потреби и исто така, се реализираат обуки и за потребите на други државни органи во Република Северна Македонија.

Обуките и активностите кои се реализираат од Центарот за обука при МВР произлегуваат од: Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи, Стратегијата на Центарот за обука и согласно доставените барања за обуки од организациските единици за управување со човечки ресурси во министерството.

Информираме дека постои промена на состојбата во Бирото за јавна безбедност во делот на спроведувањето на стручни обуки (за разговор со лица, за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење, за обезбедување на процедуралните права). Известуваме дека во 2020 година спроведен е стручен надзор во организациските единици во Бирото за јавна безбедност-БЈБ (сектори за внатрешни работи и регионални центри за гранични работи (СВР и РЦ за ГР)) за согледување на состојбата од аспект на спроведување на континуираната стручна обука.

Врз основа на направениот стручен надзор изработен е извештај со предлог мерки кои се во функција на зајакнување на сегментот на развој на компетенции кај полициските службеници за правилна примена на полициските овластувања. Согласно извештајот, формирана е работна група која има за задача да изработи план за обука за примена на полициски овластувања (практично постапување и употреба на средства за присилба). Суштинските заложби се: да се утврди организациски систем за управување и координација на прашања поврзани со практично постапување на полицијата и самоодбрана како и физичка подготвеност.

Во месец март 2021 година беше планирана и отпочна да се спроведува првата обука за обучувачи за примена на полициските овластувања (практично постапување и употреба на средства за присилба), но поради мерките за заштита од ширење на зараза од КОВИД 19, со кои се забрани одржување на обуки, семинари, конференции, обуката беше прекината и одложена.

**Член 42**

Во однос на обуката за инспекторите за техники за водење разговор со лица кои се повикани или лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење во извештаите е констатирана состојба на наводи за непрофесионално водење на интервју/разговор со осомничено лице. Истите се темелат на остварени разговори со лица кои биле повикани, приведени, лишени од слобода или задржани во полициска станица (ПС).

Дадени се препораки, за зајакнување на капацитетите на човечките ресурси, како и препорака да се овозможи примена на Стандардните оперативни процедури, како и законските одредби во делот на постапката со осомничени лица. Во продолжение ги наведуваме активностите кои Министерството ги разгледува за надминување на општите констатирани состојби, за реализација - во текот на 2021 г., до крајот на 2022 година. Во однос на активности од страна на министерството кои се планираат во наредниот период, издвојуваме:

Активност 1: Изработка на Прирачник/ Кодекс за водење на интервју согласно Препораката да се изработи Кодекс за водење разговор - Правила за водење раговор Прирачникот, ќе го предложи Работна група од организациските единици (ОЕ) во состав на Бирото за јавна безбедност-БЈБ (полицијата).

Активност 2: Подготовка на Обука за инспектори за техники за водење разговор. Притоа, за референтни документи ќе се земат предложените документи од Извештајот кои се достапни на интернет страната на Советот на Европа, пред се водичот за практичари за водење на интервју (во оригинал „A brief introduction to investigative interviewing: A practitioner's guide") како и 28–от Општ извештај на КПТ. Надлежни: Центар за обука за изработка на курикулум и Работната група која ќе ги предложи Правилата за водење разговор. Очекуван резултат: Обучени 25 обучувачи кои ќе ја спроведат обуката со целокупниот состав на крим-полиција.

Активност 3: Изработка на тест за примена на Стандардни оперативни процедури-СОП за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење. Тестот ќе се примени за тестирање на сите сменоводители кои согласно законските надлежности се единтвено овластени за да донесат решение за задржување на лице. Надлежни: ЦО (преку Секторот за континуирана обука) во соработка со Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет при Бирото за јавна безбедност (ЕСПСКК).

Активност 4:Задолжителен надзор на сите ПС кои имаат овластување да задржуваат лица. Со надзорот е предвидено да бидат опфатени прашањата кои се однесуваат на правилно водење на евиденциите, пополнувањето на обрасците, обезбедувањето на правата на лицата, хигиената во просториите за задржување). Динамика на реализација: два пати во годината на ниво на сектори за внатрешни работи-СВР, со изработка на шестмесечни извештаи. Истите ќе бидат предмет на надзор за објективно документирање на времето, волјата да се искористи одредено право и проценетата потреба за истото.
Записникот за задржување на лице е изработен согласно Законот за кривична постапка и истиот се оверува со потпис од задржаното лице 4 пати и тоа: по однос на часот и датумот на лишувањето од слобода, во однос на тоа дека е поучен за правата по однос на часот и датумот на престанување на задржувањето и на целиот записник како потврда дека се согласува со сите внесени податоци во истиот.

Во наредниот период се предвидува и:
Активност 1: Подготовка и достава на барање за ажурирање на списоците на адвокати од адвокатска комора, преку Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси (ОЗРУЧР) при Бирото за јавна безбедност.

Активност 2: Обезбедување на посебни средства од буџетот на име на храна и вода за задржаните лица. Носител на активноста би бил Одделот за финансиски прашања во министерството, во координација со началниците на СВР).

**<u>Член 43</u>**

Забележано е дека во дел од полициските станици (ПС) има подобрување на состојбата (станува збор за реновираните ПС, во делот на просториите за задржување).

Имено, во однос на актуелната состојба, известуваме:

Просториите за задржување во 13 ПС се обновени и реновирани, и тоа: Полициските станици Карпош, Гази Баба, Бит Пазар, Центар, Штип, Гевгелија, Прилеп, Гостивар, Тетово, Пробиштип, Кичево, Куманово и Крива Паланка.

Во 2015 година во 6 Полициски станици инсталирани се интерфони и систем за комуникација со дежурната служба и задржаното лице (ПС Охрид, Битола, Куманово, Кочани, Кавадарци и Струмица).

Токму во времето на изготвувањето на одговорот на извештајот, во градот Ресен беше презентиран комплетно реновираниот објект на Одделението за внатрешни работи (ОВР), обновен првпат после 40-тина години, за што беа инвестирани 12,7 милиони денари, од Буџетот на Министерство за внатрешни работи.

Во рамки на зафатите за осовременување и модернизација на условите за работа на полицијата и другите припадници на МВР, се работи на реконструкција или реновирање на објектите на СВР Куманово, на Полициското одделение Ростуше, а во претстојниот период во план се работи и на Одделението за внатрешни работи Прилеп, Полициската станица во Крушево и Полициското одделение во Чашка. Исто така, Министерството за внатрешни работи врши анализи и ја разгледува можноста:

1. Одделот за општи и заеднички работи- ООЗР да продолжи со постепена обнова и реновирање на просториите за задржување во ПС.
   Притоа се зема во предвид и вклучувањето на системи за видео надзор,

2. Министерството преку ООЗР ја разгледува можноста за вклучување на квадратурата од просториите за задржување во договорите со надлежната компанија за одржување хигиена во објектот.

Овие предлог активности од Бирото за јавна безбедност се доставени со Мин истерот со барање за одобрување на предложените активности (со предлог како што наведовме да се реализираат во најкус можен рок, односно во текот на 2021 до крајот на 2022 година).

Како дополнување на погоре посочените состојби се разгледува можноста, покрај претходно веќе издадената телеграма во 2020 г., од МВР односно Помошникот на Министерот во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како надлежна организациска единица, што беше поздравено од Комитетот, (инаку повторно издадена во текот на оваа 2021 година), и Директорот на Бирото за јавна безбедност да издаде и достави телеграма до сите надлежни организациски единици вклучени во приведување, задржување, лишување лица од слобода во која ќе се укаже дека незаконското, непрофесионално постапување со овие лица ќе биде предмет на истрага односно на соодветни санкции- согласно препораките на Комитетот.

Правната служба при министерството во однос на евентуалните измени на законски и подзаконски прописи, по добивањето на конкретни предлози/барања за измени и дополнување на регулативата на министерството од надлежните организациски единици кои извршуваат задачи во рамки на предметната област е на располагање и ќе пристапи кон нормирање на предложените измени и допоплнувања.

Правната служба при Бирото за јавна безбедност односно министерството, по спроведени анализи и зависно од потребата ќе дадат свој активен придонес со изработка на интерни прописи особено во однос на водење интервју, имајќи ги во предвид препораките на комитетот и потребата на надлежните организациски единици.

Министерството за внатрешни работи согласно Законот за внатрешни работи има свој внатрешен контролен механизам – Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС), кој постапува меѓу другото, при утврдување на појави на незаконско постапување на полициските службеници при вршењето на полициските работи. Притоа, по извршената анализа на препораките содржани во Извештајот на Комитетот за превенција од тортура и нехумано или понижувачко постапување или казнување при Советот на Европа, имајќи ги во предвид посочените забелешки и препораки кои се однесуваат на спроведувањето на мерките за заштита против тортура и нехумано или понижувачко постапување или казнување на приведени, лишени од слобода односно задржани лица, особено во однос на т. 39 и основните заштитни мерки за спречување на малтретирање (т.е. известување на трето лице за притворот, пристап до адвокат и доктор и информации за правата), Министерството за внатрешни работи односно овој оддел продолжуваат да укажуваат на потребата од постапување по телеграмата бр. 14.2.2-85/2 од 26.02.2020 година – потенцираме дека ваква телеграма е издадена и во текот на оваа 2021 г., во правец на доследна примена на сите законски, подзаконски и интерни акти кои ги регулираат полициските овластувања меѓу кои и лишувањето од слобода (приведувањето и задржувањето на лица), со напомена дека за секое констатирано непочитување ќе се преземаат соодветни мерки. Особено, во однос на процесните права, посочуваме дека со Меморандумот за соработка склучен помеѓу Министерството за внатрешни работи, Хелсинишкиот комитет за човекови права-ХКЧП и Македонското здружение на млади правници-МЗМП бр.03-210 од 01.03.2021 година и бр.13.1-23713/1 од 10.03.2021 година, предвидено е тим од адвокати ангажирани од страна на Македонското здружение на млади правници, да укажуваат правно советување на лицата лишени од слобода во полициските станици, како и спроведување на мониторинг на условите во просториите за задржување на лица, просториите за распит и разговор со лица лишени од слобода, просториите за разговор со малолетни лица, како и тоалетите во просториите за задржување.

Министерството за внатрешни работи се обврзува да обезбеди непречен пристап на лицата ангажирани од Хелсинишкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници до просториите за задржани лица во полициските станици.

Врз основа на погоренаведениот меморандум за соработка склучен во март 2021 г. министерството односно ОВККИПС заедно со претставници од ХКЧП и МЗМП отпочна со посета на полициските станици од општа надлежност во секторите за внатрешни работи-СВР и по завршување на планираните посети во сите СВР од страна на Хелсиншкиот комитет и МЗМП ќе биде изготвен извештај за констатираната состојба од спроведениот мониторинг на ПС во СВР.

Истакнуваме дека континуирана обврска на Министерството за внатрешни работи како и на Одделението за интегритет, превенција од корупција и заштита на човековите права при Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, е интензивирањето на превентивните активности кои се дел од „Програмата за јакнење на полицискиот интегритет“ со организирање на работилници и едукативни предавања, на кои покрај останатите содржини од програмата, посебно ќе биде третиран делот на промената на полициските овластувања и нивното пречекорување, како и третманот на приведените и задржаните лица.

Истовремено, Министерството за внатрешни работи спроведува контрола на квалитетот на извршување во рамки на делокругот на надлежностите на своите организациски единици, со задолжителен увид во евиденциите на полициските станици

за задржаните, приведените и лицата лишени од слобода. Министерството за внатрешни работи одговорно ја прими пораката испратена од Комитетот за одредени случаи на несоодветното незаконско и непрофесионално постапување со овие лица и истото ќе биде предмет на соодветни санкции. Така, секое докажано пречекорување на полициските овластувања и незаконско постапување од страна на полициските службеници министерството го документира и соодветно го процесуира.

Притоа, особено нагласуваме дека освен Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди како внатрешен механизам за контрола во Министерството за внатрешни работи, на граѓаните им стои на располагање и надворешниот механизам, Народниот правобранител-механизам за граѓанска контрола и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Одделение за истражување и гонење кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Така, доколку граѓаните не се задоволни од постапувањето на Министерството за внатрешни работи односно Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди или сакаат за заштита на своите права директно и непосредно да се обратат до овие две други институции, тоа можат да го сторат без никакво ограничување.

Потенцираме и дека во полициските станици од општа надлежност, Министерството за внатрешни работи постави дво-јазични едукативни банери со информативна содржина, каде на едноставен начин се информираат граѓаните и им се посочува на истите во кои случаи и каде можат да се обратат за заштита на своите права. Дополнително, во однос на сите наведени активности, согласно претходно веќе спроведени иницијални консултации на поголем број организациски единици на министерството вклучително и БЈБ, како и по одржан состанок на претставници од неколку организациски единици во состав на Министерството за внатрешни работи односно БЈБ, се анализира и разгледува можноста дел од наведените активности да се вклучат во Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2021-2025, со обврска за: нивно следење и задолжително постапување (за добар дел од активностите во најкусо време, за периодот 2021-2022 година односно континуирано) и изготвување на извештаи за имплементација на тие активности, на постојана, редовна основа (квартално или полугодишно).

: